Примено: 23-01-2024
11-131

**До:Општина Битола**
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на инфор[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Листа на објавени/завршени огласи за продажба на градежно земјиште во државна сопственост во периодот од 2019-2023 година и каде се објавени овие огласи?
2. Листа на склучени договори за продажба на градежно земјиште во 2019-2023 година со информации за предметот на продажба (намена на земјиштето), големина на земјиштетот, цената на земјиштето, име на лицето (физичко или правно) со кое е склучен договор и датум на договорот.
3. Вкупна вредност на остварени приходи од продажбата на градежно земјиште во периодот 2019-2023 година.
4. Број на потенцијални купувачи поединечно за сите спроведени постапки за јавно наддавање за продажба на земјиштето во 2023 година?
5. За сите постапки за продажба на градежно земјиште спроведени во периодот 2019-2023 година доставени ни ја почетната цена на земјиштетот и постигната цена по завршување на аукцијата.
6. Дали во склучените договори за продажба на градежно земјиште се наведени услови дека купувачот на земјиштето е должен во одреден рок да го изгради објектот и дека не смее да ја смени сопственоста на истото?
7. Каде се објавени информациите за склучените договори за продажба на земјиште во државна сопственост (доколку имате линкови од вашата веб-страница испратени ни ги или во Службен гласник итн.)?
8. Наплатени договорни казни во случај на неисполнување на договорните обврски од страна на купувачите во периодот 2019-2023 година?
9. Бројот на добиени барања за промена на инвеститор за градење, за откупено градежно земјиште пред исполнување на договорните обврски во периодот 2019-2023 година?
10. Во колку случаи сте одговориле позитивно, во колку негативно, на барања за промена на инвеститор за градење, за откупено градежно земјиште пред исполнување на договорните обврски во периодот 2019-2023 година?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ___________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ___________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

[redacted]

Во Битола
Датум: 17.01.2024 година

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за имот и имотно- правни работи**

До
Одделение за
Имот и имотно правни работи

Бр.11-13/2

23.01.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-13/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

23.01.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 06-02-2024
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 13/3 | | |

**Одделение за имот и имотно-правни работи**
**06.02.2024 год.**
Б И Т О ЛА

**До**
**Лица за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер со број 11-13/3 од 24.02.2024 година, Ве известуваме за следното:

1. Листата на активни објавени огласи за продажба на градежно земјиште можете да ја најдите на Информацискиот систем за градежно земјиште https://gradezno-zemjiste.mk/, а останатите се објавуваат во Службен Весник на Република Северна Македонија и во два дневни весници. (прашање бр. 1 од барањето).
2. Листата на склучени договори за продажба на градежно земјиште како и вкупната вредност на остварени приходи од продажбата на градежно земјиште се објавени во Извештај за реализација на програмата за работа во областа на располагањето со Градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Битола, кој се објавува во Службен гласник на Општина Битола на веб страната www.bitola.gov.mk (прашање бр. 2 и 3 од барањето).
3. Согласно чл. 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бројот на потенцијалните купувачи поединечно претставува личен податок. (прашање бр. 4 од барањето)
4. Сите постапки за продажби на градежно земјиште за почетната цена на земјиштето се содржани во Објавите за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање и се согласно со Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност, а кога станува збор за постигнатата цена од продажбата на земјиштето, одговорот е содржан во одговорот на прашање бр. 2 и 3. (прашање бр.5)
5. Имено, согласно чл. 76 став 5 од Законот за градежно земјиште кога градежното земјиште е отуѓено или се отуѓува, односно дава под долготраен закуп по пат на јавно наддавање купувачот, односно закупецот е должен да го изгради објектот во рок согласно одредбите од Законот за градење, а согласно со категоризацијата на градба. (прашање бр.6)
6. Објавувањето на информациите за склучените договори за продажба на градежно земјиште во државна сопственост согласно Законот за градежно земјиште не е обврска, бидејќи согласно Законот за заштита на лични податоци станува збор за личен податок на физички и правни лица. Соласно со Законот за градежно земјиште склучените договори се внесуваат во РДГЗ системот. (прашање бр.7)
7. Договорните казни се наплаќаат на месечно ниво, согласно постигнатата цена на електронското јавно наддавање, односно висина од 1,5% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во првата година од истекот на рокот, односно 3% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот, односно 4,5% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на

предметното земјиште за секој изминат месец во третата и секоја наредна година од истекот на рокот. (прашање бр.8)

8. Согласно чл.77 став 2 од Законот за градежно земјиште сопственикот на градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање не смее истото да го пренесува на трети лица, пред исполнување на обврските од договорот за отуѓување на истото. Забраната за пренесување на трети лица се прибележува во јавната книга за запишување на правата на недвижностите. По исполнување на обврската односно изградба на објектот согласно намената за кое е отуѓено земјиштето на барање на странката се врши бришење на прибелешката од имотен лист.(прашање 9 и 10).

Со почит,

**Изготвил:**
Евгенија Чукалева

**РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ**
Горан Ѓоревски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-13/4
06.02.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted]однесено на **23.01.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 **(Листа на објавени/завршени огласи за продажба на градежно земјиште во државна сопственост во периодот од 2019-2023 година и каде се објавени овие огласи.) (детален опис во прилог на Решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од[redacted]ателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-13/1
2. Допис до Раководител на Одделение за Имот и имотно-правни работи со бр. 11-13/2 од 23.01.2024 година
3. Одговор од Одделение за Имот и имотно-правни работи со бр. 11-13/3 од 06.02.2024

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 06.02.2024 година, под бр. 11-13/4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**